**Проектиран годишен план на Групацијата Реплек**
**за деловната 2023 година**

Согласно Годишниот план за работење на Групацијата РЕПЛЕК (Реплек АД, Реплек Фарм ДООЕЛ и Реплек Маркет ДООЕЛ), како и врз основа на планот за продажба и склучените договори со домашни и странски купувачи, проектирано е зголемување на консолидираните приходи од продажба за деловната 2023 година, за 23% во однос на 2022 година и покрај прекинување на дејноста трговија на разни стоки и угостителство во Реплек Маркет. Стратешка определба на Групацијата останува да биде производство и трговија на фармацевтски производи.

Во деловниот сегмент фармација, односно продажба на фармацевтски производи, се проектира раст на приходите од продажба од 41% во однос на 2022 година, со следната структура:

| Регион | 1 квартал 2023 (000) МКД | 2 квартал 2023 (000) МКД | 3 квартал 2023 (000) МКД | 4 квартал 2023 (000) МКД | Вкупно 2023 (000) МКД | Раст (%) 23/22 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашен пазар | 49.200 | 86.100 | 104.550 | 129.150 | **369.000** | 52% |
| Странски пазар | 252.150 | 301.350 | 295.200 | 319.800 | **1.168.500** | 38% |
| **ВКУПНО** | | | | | **1.537.500** | **41%** |

Очекуваните отстапувања од планираниот промет за 2023 година се во опсег од +/- 5%.
Дејноста угостителство и трговија на разни стоки обавувана преку Реплек Маркет ДООЕЛ, е прекината заклучно со 31.12.2022 година и недвижниот имот на Друштвото е предмет на закуп во 2023 година.

**РЕПЛЕК АД Скопје**